ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**30-ти март 2009 година**

# МАКЕДОНИЈА: 51- ва ПОЗИЦИЈА

## Најдобри земји за водење бизнис - Форбс




Македонија е на 51 место во светот, во конкуренција од 127, според условите за водење бизнис, на ранг листата на американскиот економски неделник "Форбс". Втор пат по ред, лидер, според американскиот весник, е Данска, втори се САД, а трета Канада.

Од земјите во регионот, најдобро рангирана е Словенија, која е на 36-то место, Хрватска е на 50-то, Црна Гора – 74-то, Албанија – 77-мо, Србија – 82-ро, а Босна и Херцеговина дури 119-то.

Република Македонија се наоѓа на добра позиција во однос на монетарната слобода, рангирана на 8-та позиција, додека пак во однос на правата на сопственост и иновации е најлошо рангирана.

Меѓу десетте најпривлечни земји за бизнис се Велика Британија, Шведска, Хонг Конг, Австралија, Нов Зеланд и Норвешка, која за прв пат годинава е високорангирана.

Неделникот "Форбс" веќе четврта година по ред спроведува истражување под името "Најдобри земји за бизнис". Најголеми промени, во однос на минатата година, оствариле Обединетите Арапски Емирати, кои својата позиција ја подобриле за дури 28 места.

Истражувањето не е информација за најголемиот раст на бруто домашниот производ или пак за најнискиот процент на невработеност, туку обид да се

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

утврди динамиката на светската економија и да им се помогне на инвеститорите и компаниите да си ги планираат инвестициските програми.

**Македонија**

| | |
|---|---|
| **Трговска слобода** | **52** |
| **Монетарна слобода** | **8** |
| **Права на сопственост** | **94** |
| **Иновација** | **94** |
| **Технологија** | **78** |
| **Бирократија** | **22** |
| **Заштита на инвеститорите** | **71** |
| **Корупција** | **59** |
| **Лична слобода** | **66** |
| **Даноци** | **24** |
| **Пазар** | **N** |

**Минатогодишна позиција 50**

**БДП пораст 4.8%**

**БДП $9,200**

**Трговски баланс 11.9%**

**Население 2.1 мил.**

**Федерален баланс на буџетот како % од БДП -0.5%**